Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 165/0306
07.05 2018 год.
Скопје

04.05.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30 април 2018 година, врз основа на примена жалба од адвокат Звонко Давидовиќ против ТВ21, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 март 2018 година, адвокатот Звонко Давидовиќ поднесе жалба за прилогот насловен „Вознемирувачки снимки: Убиството на Ангел Петковски, дедото на Насер вели внук ми го уби во самоодбрана", објавен на 23 март 2018 година, во информативното издание на Телевизија 21 (www.tv21.tv/mk).

Адвокатот Давидовиќ во жалбата наведува дека со објавувањето на прилогот, ТВ21 ја нарушил приватноста на родителите на убиеното момче, дека прилогот е еднostран и оти авторот не му дал можност и на семејството на Ангел Петковски да го каже својот став.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со ТВ21 и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Најпрво, уредникот на ТВ21, Билјана Георгиевска, одговори на наводите на жалителот. Таа вели дека во најавата за прилогот било дадено предупредување дека видео-снимката е вознемирувачка и дека моментот на падот на момчето, кое подоцна починало, бил замаглен.

Во исто време, Георгиевска изрази подготвеност да учествува во покренатиот процес на медијација, односно помирување меѓу страните, на начин што прифати како медиум да го исполнат барањето на жалителот.

***„Како резултат на разговорот со претставник од Советот за етика во медиумите, ТВ21 се согласува да го исполни барањето на подносителот на жалбата, адвокатот Звонко Давидовиќ, да емитуваме прилог за, условно речено, другата страна во сторијата за судскиот случај „Матурант". Тоа ќе го сториме на професионален начин без користење на спорната видео снимка, вознемирувачка за семејството"***, се вели во одговорот на ТВ21.

Фактот дека процесот на медијација меѓу двете страни е успешен го потврди и подносителот на жалбата, адвокатот Звонко Давидовиќ, кој го извести Советот за етика дека ги надминал несогласувањата со ТВ21.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот случај на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во тој контекст, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови. Ова е 12-ти случај што жалбената комисија го решила по пат на медијација, односно помирување на страните, и во таа насока, ќе продолжи активно да се залага.

* * *

Во согласност со горенаведеното, на седницата одржана на 30 април 2018 година, Комисијата за жалби одлучи како во диспозитивот и го затвори случајот како резултат на помирување меѓу страните.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595